## Ризик од промена на трошоци на живот

**Показатели:**

**1.Годишна стапка на инфлација**
**2.Соодност на СЕ и индекс на трошоци на живот**
**3.Реална стапка на принос на зпф (претходни 12 месеци)**
**2.Реална стапка на принос на зпф (претходни 84 месеци)**

| | |
|---|---|
| Датум | 30.06.2025 |
| Годишна стапка на инфлација (во %) | 4.46 |
| Соодност на СЕ и индекс на трошоци на живот | 1.32 |
| Годишна стапка на принос (во %) (претходни 12 месеци) | -0.28 |
| Годишна стапка на принос (во %) (претходни 84 месеци) | -0.28 |

Годишната инфлација на 30.06.2025 година бележи зголемување во однос на 31.12.2024 година и изнесува 4,46%, со што се зголемува влијанието врз инвестициските резултати на задолжителните пензиски фондови. Соодносот на сметководствената единица и индексот на трошоци на живот, после зголемувањето од 2021 година, во првата половина на 2025 година се намалува и изнесува 1,32. Потоа на 30.06.2025 година се забележува негативен (краткорочен) принос во реален износ -0.28%, за претходни 12 месеци) што најмногу се должи на намалување на приносот во номинален износ како и зголемувањето на инфлацијата. Кај долгорочниот принос во реален износ се забележуваат помали осцилации во однос на краткорочниот. Од јуни 2023 година приносот е помал од 2% со тренд на намалување во следните квартали, којшто продожува и во првата половина на 2025 година и на 30.06.2025 година изнесува -0.28%. Износот на долгорочниот принос е сè уште далеку под очекуваното минимално ниво на заштита од инфлација. Македонските пензиски фондови сè уште се во фаза на акумулација, па се очекуваат добри инвестициски резултати во иднина кои ќе ги надоместат неповолните резултати.













**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои четири параметри: движење на годишната стапка на инфлација, движење на сметководствената единица во однос на индексот на трошоци на живот, годишна реална стапка на принос (претходни 12 месеци) - краткорочен принос и годишна реална стапка на принос (претходни 84 месеци) - долгорочен принос. Движењата на сметководствената единица и индексот на трошоци на живот и се прикажани преку промената на индексите/единиците во однос на почетен индекс еднаков на 100, на 31.12.2010 година. Годишната реална стапка на принос се пресметува врз основа на историски податоци на пондерираната сметководствената единица за сите задолжителни пензиски фондови и историски податоци за инфлацијата за соодветниот период.